ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа /"Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002 година/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.05.2002 година донесе

# С Т А Т У Т
## НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

### I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1)Општината Демир Хисар (во понатамошниот текст општина ) е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

(2)Правото на локална самоуправа се остварува преку преставници во органите на општината и со непосредно учество во одлучувањето.

Член 2

(1) Општината има свое подрачје и име утврдени со закон.

(2) Подрачјето на општината Демир Хисар го сочинуваат подрачјето на град Демир Хисар и селата Бараково; Белче; Вардино; Граиште; Единаковци; Журче; Загориче; Кочишта; Кутретино; Лесково; Ново село; Обедник; Прибилци; Ракитница; Растојца; Света; Сладуево; Слепче; Смилево; Стругово; Суводол; Утово.

Член 3

Седиштето на општината е во Демир Хисар ул. "Битолска" бб.

Член 4

Општината е правно лице.

Член 5

Општината има имот со кој располага и стопанисува во јавен интерес.

Член 6

(1) Општината  има свој грб и знаме.
(2) Грбот и знамето на општината (во натамошниот текст грб и знаме) се разликуваат од грбот и знамето на Р.Македонија и грбот и знамето на другите општини и Град Скопје.
(3) Грбот и знамето се разликуваат од грбот и знамето на другите држави, единици на локалната самоуправа на други држави и на меѓународни организации.

Член 7

(1) Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 см во чија средина се наоѓа грбпот на општината и на чии рабови е испишано "Република Македонија-општина Демир Хисар"
(2) Печатот што го употребува Советот на општината во вториот ред има натпис "Совет на општината".
(3) печатот што го употребува Градоначалникот во вториот ред има натпис "Градоначалник".
(4) Печатот што го употребуваат управните органи, има натпис "Управни органи".

Член 8

Празник на општината е "Втори септември".

Член 9

Општината востановува општински признанија и награди според утврдени критериуми и начин на доделување определени со посебна одлука на Советот.

Член 10

Општината членува во Здружението на општините на Република Македонија.

Член 11

(1) Во вршењето на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат.
(2) Заради остварување на заедничките интереси и вршење на заедничките работи од надлежност на општините, тие можат да здружат средства и да формираат заеднички јавни служби, во согласност со законот.
(3) Со цел за извршување на одделни надлежности, општините можат, исто така да формираат и заеднички административни тела во одредени области, во согласност со законот.
(4) Општините можат да соработуваат и со единиците на локалната самоуправа на други земји, како и да членуваат во меѓународни организации на локалните власти.
(5) Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа води евиденција за остварената меѓународна соработка на општините согласно со законот.

**II. ОСНОВАЊЕ И ПОДРАЧЕ НА ОПШТИНАТА**

Член 12

Основањето ,подрачјето, границите и територијалната поделба на општините се врши со закон.

## III. НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Член 13

Општината, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје  да ги врши работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Член 14

(1) Општината самостојно, во рамките на законот, ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој или друг закон е одговорна за нивното вршење.

(2) Со законот  со кој се утврдуваат други надлежности на општината се определуваат и изворите на финансирање за вршење на тие надлежности.

(3) Надлежностите од ставот (1) на овој член по правило се целосни и исклучиви и не смеат да бидат одземени или ограничени, освен во случаите утврдени со закон.

Член 15

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

(1) Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, донесување на детален урбанистички план (ДУП), донесување на генерален урбанистички план (ГУП), урбанистичка документација за населените места во општината,издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежно земјиште.

(2) Заштита на животната средина и природата-мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење.

(3) Комунални дејности-снабдување со вода за пиење; испорака на технолошка вода; одведување и прочистување на отпадни води; утврдување на цена на комунални услуги; јавно осветлување; одведувањето и третманот на атмосверските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на ликалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно

паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградба и одржување на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленило, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

(4) Културата-инстутиционалната и финансиската подршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слишни културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво.

(5) Спорт и рекреација-развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградба на објекти за спорт; подршка на општински спортски сојузи.

(6) Социјална заштита и заштита на децата-детски градинки и домови за стари(сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; деца без родители и родителска грижа; деца со воспитно-социјални проблеми; деца со посебни пореби; деца од еднородителски семејства; деца на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита.

(7) Образование-основање,финансирање иадминистрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови.

(8) Здравствена заштита-управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и

заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби(на пример,ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со законот.

(9) Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнавања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

(10) Против пожарна заштита што ја вршат териториjалните противпожарни единици.

(11) Надзор над вршење на работите од нејзина надлежност и

(12) Други работи определени со закон.

Надлежностите од ставот 1 на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон.

Со закон се утврдуваат работите од надлежност на општината кои таа задолжително ќе ги врши.

Член 16

Општината во рамките на своите надлежности:

(1) Донесува Статут;
(2) Донесува Буџет и завршна сметка;
(3) Основа општинаска администрација;
(4) Основа јавни служби, јавни установи и јавни претпријатија во согласност со закон и врши контрола на нивната работа;
(5) Основа инспекциски органи и служби за областите за кои општината има самостојана надлежност во уредувањето и остварувањето на работите од тие области;
(6) Одредува престапи и казни кога не се почитуваа прописите на општината;
(7) Донесува програма за утврдување на градежното земјиште;
(8) Донесува и други општи акти.

Член 17

(1) Органот на државната управа може да го делегира извршувањето на определени работи од своја надлежност на Градоначалникот, во согласност со закон.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член се пренесуваат и средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за извршување на тие работи.

(3) Начинот на извршување на работите од ставот (1) на овој член може да се приспособи на локалните услови, со почитување на стандардите утврдени со закон.

(4)Органот на државната управа од ставот (1) на овај член е супсидијарно одговорен за извршувањето на делегираните работи.

Член 18

(1)Заради извршување на своите надлежности,општната може да основа јавни служби,во согласност со закон.

(2)Општината може да го делегира вршењето на одредени работи од јавен интерес од локално знашење на други правни и физички лица,врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес,во согласност со закон.

(3)Општината е супсидијарно одговорна за извршување на работите од јавен интерес од ставовите од (1 ) и (2) на овој член.

## IV.ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНАТА

Член 19

(1)Граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење преку граѓанска иницијатива,собири на граѓаните и референдум,на начин и постапка утврдени со закон.

(2)Трошоците за спроведување на непосредното учество на граѓаните во одлучувањето паѓа на товар на општинскиот буџет.

Член 20

(1)Граѓаните имаат право да му предложат на советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност.
(2)Граѓанската иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.
(3)За предлогот од ставот (1) на овој член,советот е должен да расправа ако го подржат најмалку 10% од избирачите на општината односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.
(4)Расправата на ставот (3) на овој член,советот е должен да ја одржи најдоцна во рок од 90 дена по доставената иницијатива и да ги информира граѓаните за својата одлука.

Член 21

(1)Собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа .
(2)Собирот на граѓани го свикува градоначалникот на општината по сопствена иницијатива,на барање на советот или на барање од најмалку на 10% од избирачите на општината,односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.
(3)Органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат заклучоците донесени на собирот на граѓаните и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат,како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки,преку средствата за јавно информирање или службеното гласило на општината.

Член 22

(1) На собирот на граѓаните во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.
(2)Собирот на граѓаните го води Градоначалникот или лице што ќе го овласти Градоначалникот.
(3)За прашањата за кои се расправа на Собирот на граѓаните известува Градоначалникот, а по потереба и други овластени преставници на органите на општината.

Член 23

(1)Собирот на граѓаните може да усвои општи насоки за работа на органите и телата на општината за сите јавни работи од локално значење.
(2)Општите насоки Собирот на граѓаните ги усвојува со мнозинство гласови од присутните.

Член 24

(1)Граѓаните преку референдум можат да одлучуваат за прашањата од надлежност на општината ,како и за други прашања од локално значење.
(2)Советот е должен да распише раферендум на барање од најмалку од 20% од избирачите на општината.
(3)Советот може да распише референдум за прашања од негова надлежност,по сопствена иницијатива.
(4)Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за советот.

Член 25

(1)По барањето за распишување на референдум Советот на општината во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето донесува Одлука за распишување на референдум.

(2)Одлуката за распишување на референдум содржи предмет на референдумот и денот на неговото одржување.

Член 26

(1)Одлуката за распишување на реферндум се објавува во службено гласило и другите средства за информирање во општината.

(2)Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена ниту повеќе од 60 дена.

Член 27

(1)Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

(2)Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на референдум.

(3)Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

Член 28

Комисијата за спроведување на референдумот:

-го определува времето на гласање;
-врши технички подготовки за спроведување на референдумот;
-ги определува гласачките места;
-ги утврдува резултатите од гласањето и
-се грижи за законито спроведување на референдумот.

Член 29

(1)За спроведување на гласањето на референдумот, Комисијата на гласачките места формира одбори за спроведување на референдумот.

(2)Одборите ја обезбедуваат правилноста и тајноста на гласањето.

Член 30

(1)Времето на гласањето мора да се определи така што да им се овозможи учество на референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

(2)На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да се заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

Член 31

(1)Прашањето односно актот што е предмет на референдумот мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

(2)Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил кон гласање, по негово барање да му даде објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

Член 32

(1) На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

(2)Граѓанинот може да гласа само лично.

Член 33

(1)На референдумот се гласа со гласачки ливчиња.

(2)Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

(3)Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено така што граѓанинот на референдумот може да одговори со "за" или "против".

Член 34

(1)Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "за" или "против".

(2)Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи, граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот "за" или "против" од алтернативата за која гласал.

Член 35

(1)По завршувањето на гласањето одборот го утврдува резултатот од гласањето за гласачкото место и за тоа составува записник.

(2)Формата и содржината на заиосникот ги пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

(3)Веднаш по составувањето на записникот, одборот доставува извештај до Комисијата за спроведување на референдумот.

Член 36

(1)Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на применоит гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува резултатот од референдумот.

(2)Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство на гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи.

(3)Одлуката донесена на референдумот е задолжителна и се објавува во службено гласило на општината.

(4)Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведување на референдумот до Советот на општината.

Член 37

Прашањето односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на 6 месеци од денот на одржувањето на референдумот.

Член 38

(1)Секој граѓанин има право,поединечнио или заедно со другите да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација.

(2)Градоначалникот е должен:

- да создаде услови за доставување претставки и предлози;

- најдоцна во рок од 60 дена,од денот на приемот на претставката,односно предлогот,на подносителот да му достави образложен одговор и
- претставките и предлозите кои не се однесуваат на работи од надлежност на органите на општината да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот.

Член 39

При изготвувањето на прописите на општината, советот, односно Градоначалникот може претходно да организира јавни трибини,да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

**V.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**

Член 40

Органи на општината се : Советот и Градоначалникот.

Член 41

(1)Советот на општината е претставнички орган на граѓаните.

(2)Советот на општината Демир Хисар го сочинуваат 11 претставници на граѓаните избрани на општи,непосредни и слободни избори со тајно гласање.

(3)За разгледување на прашања и утврдување на предлози од одредена обвласт, Советот од својот состав може да формира постојани и повремени комисии и други работни тела.Мандатот на постојните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

(4)Составот и на чинот на избор на членовите на комисиите од став (2) на овој член се уредуваат со Статутот.

(5)Составот на комисиите од став (2) на овој член соодветствува на пропорционалната застапеност на политичките партии во советот.

Член 42

(1)Членовите на Советот се избираат за време од 4 години.

(2)Членовите на Советот ги претставуваат граѓаните и во Советот одлучуваат по свое уверување .

(3)Членовите на Советот не можат да бидат отповикани.

Член 43

Совет:

(1)Го донесува Статутот на општината и други прописи.

(2)Донесува Буџет на општината и годишна сметка на општината.

(3)Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината,во рамките утврдени со закон.

(4)Основа јавни служби во рамките на надлежноста на општината и врши надзор над нивната работа.

(5)Именува членови во управните одбори на јавните служби,кои ги основа.

(6)Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби,кои ги основала општината.

(7)Ги усвојува извештаите за извршување на Буџетот и годишната сметка на општината.

(8)Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење,во согласност со закон.

(9)Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби,кои ги основала општината .

(10)Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината.

(11)Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината,во согласност со закон.

(12)Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на министерството за внатрешни работи во општината,во согласност со закон.

(13)Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината,кои го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител.

(14)Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот

(15)Донесува Генерален урбанистички план;

(16)Донесува детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населено место во општината;

(17)Донесува Програма за уредување на градежно земјиште,

(18)Донесување Програма за одржување на сообраќајната сигнализација;

(19)Донесување Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот;

(20)Донесување прописи од областа на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со националната програма;

(21)Донесување Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;

(22)Донесување Програма за јавно осветлување;

(23)Донесување Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални води;

(24)Донесување Програма за одржување на јавна чистота;

(25)Донесување Програма за одржување и користење на парковите и другите јавни површини од локално значење;

(26)Донесување Програма за одржување на гробиштата;

(27)Донесување Програма за одржување и користење на реките во урбанизирани подрачја;

(28)Донесување Одлука за јавна чистота;

(29)Донесување на Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај;

(30)Донесување Одлука за одржување и користење на јавните пазаришта;

(31)Донесување Одлука за начинот на користење и одржување на гробиштата;

(32)Го уредува начинот на чистење на оџаците;

(33)Го уредува одржувањето на јавниот простор за паркирање и начинот на неговото користење;
(34)Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;
(35)Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на предлог на Градоначалникот;
(36)Избира и разрешува претседател на Советот;
(37)Формира постојани и повремени комисии;
(38)Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатства на подрачјето на општината;
(39)Востановува општински признанија и награди;
(40)Дава мислење по предлог законите кои се однесуваат на општината;
(41)Врши други избори и именувања од своја надлежност;
(42)Донесува други одлуки за работа од своја надлежност;
(43)Врши и други работи утврдени со закон.
-Доколку Советот не ги усвои извештаите од ставот 1 точките (7)и(9) на овој член,може да покрене постапка за вршење на контрола над материјалното и финансиското работење пред надлежниот орган за надзор.
-Раководното лице од ставот 1 точка (12) на овој член е избрано ако за него гласале мнозинство од сите Совети на општините,кои ги опфаќа подрачната единица на министерството за внатрешни работи.

Член 44

(1) Советот на општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот а најмалку со една третина од вкупниот број на членови на Советот, ако со Статутот не е предвидено посебно мнозинство.
(2)Гласањето на седниците на Советот е јавно освен ако Советот не одлучи за одредени прашања гласањето да е тајно.

Член 45

За претресување на прашања од своја надлежност Советот формира комисии.
Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.
Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 46

Постојани комисии на Советот се:
-Комисија за финасии и Буџет;
-Комисија за јавни и комунални дејности;
-Комисија за Урбанизам,комунални работи и заштита на животната средина;
-Комисија за општествени дејности;
-Конисија за месна самоуправа;
-Комисија за обележување на празници, манифестации и доделување признанија и награди;
-Комисија за мандатни прашања, избори и именување;

-Статутарно правна комисија.

Член 47

Комисиите на Советот на општината:
-расправаат за прашања од областа за која се формирани;
-даваат мислења и предлози на Советот;
-ги разгледуваа предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

Член 48

Комисијата за финансирање и Буџет ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на општината и Буџетот и завршната сметка на Биџетот на општината.

Член 49

Комисијата за јавни и комунални дејности ги разгледува прашањата од работата на јавните служби,јавните установи и јавните претпријатија на општината.

Член 50

Комисијата за Урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина ги разгледува генералниот и деталните урбанистички планови и друга урбанистичка документација, прашања од комуналното уредување на градот и населените места и прашања од заштитата и унапредувањето на животната средина.

Член 51

Комисијата за општествени дејности разгледува прашања од значење за развојот на мрежата установи од областа на културата, спорт, социјалната, здравствената и детската заштита, заштита на животните и билките како и прашања од други области од значење за интересите на граѓаните.

Член 52

Комисијата за месна самоуправа го разгледува функционирањето на облиците на месна самоуправа и нивните органи, програмите за работа и други прашања сврзани со работата на облиците на месна самоуправа.

Член 53

Комисијата за обележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија донесува програма за обележување на празници и манифестации и доделува награди и признанија.

Член 54

Комисијата за мандатни прашања, избори и именување:
-разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно имунитетните прашања;
-разгледува и подготвува предлози за избор и именувања и разрешувања од надлежност на Советот на општината;
-определува плати, надоместоци и други примања на избраните и именуваните лица;

-дава предлог висината на надоместокот на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на општината, како и на трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на општината.
Комисијата е составена од 5 (пет) членови на Советот на општината.
Претседателот и членовите на Комисијата ги избира Советот на општината на својата прва седница.

Член 55

(1)Статутарно правната комисија го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измени на Статутот и ја следи примената на Статутот и ги разгледува началните прашања од статутарен карактер.
(2)Статутарно правната Комисија го утврдува предлогот на Деловникот на Советот.
(3)Статутарно правната комисија подготвува мислења по предлог законите кои се однесуваат на општината.
(4)Статутарно правната Комисија разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на општината.
(5)Комисијта е составена од 5 (пет ) членови од кои 3 (три) се членови на Советот на општината.

Член 56

(1)Претседателот и членовите на работните тела ги избира Советот на општината по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување.
(2)Предлогот за избор сорржи онолку кандидати колку што се избираат членови на работните тела.

Член 57

Начинот на работа на работните тела поблиску се уредува со Деловникот на Советот на општината.

Член 58

(1)Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува Претседателот на Советот од претходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите.
(2)Ако Советот не се свика во рокот од ставот 1 на овој член,членовите на Советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на советот го конституираат Советот во рок од 10 дена по истекот на рокот од ставот 1 на овој член.
(3)Ако седницата не се одржи во рок од ставот 2 на овој член ќе се распишат нови избори за членовите на Советот, на начин утврден со закон.

Член 59

Ново избраните членови на конститутивната седница на Советот даваат и потпишуваат свечена изјава ,која гласи:
„Јас (име и презиме)свечено изјавувам дека правата и должностите на член во Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот,законот,прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија“.

Член 60

(1)Седниците на Советот се свикуваат по потреба,но најмалку еднаш на три месеци.

(2)Седниците ги свикува претседателот на Советот на своја иницијатива,на барање на градоначалникот или на барање од најмалку ¼ од членовите на советот најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

(3)Доколку во рокот определен во ставот (2) на овој член,претседателот на Советот не ја свика седницата на Советот,членовите на Советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

(4)Денот,часот и местото на одржувањето на седниците на Советот,како и предлогот на Дневниот ред кој ќе се работи,задолжително се објавуваат најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на седницата,на начин утврден со Статутот.

Член 61

(1)Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот,по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот,во случаи и на начин утврдени со Статутот.

(2)Во известувањето за свикување на вонредна седница се наведува времето,местото на одржување и Дневниот ред на седницата.

(3)Советот не може да го менува Дневниот ред за вонредната седница.

(4)Пред започнувањето на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините на свикување на вонредна седница.

Член 62

(1)Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови од Советот.

(2)Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови,ако со зак он и со Статутот поинаку не е определено.

(3)Прописите кој се однесуваат на културата,употребата на јазиците и писмата на кој зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината,утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината,се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот,при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината.

(4)На седницата на Советот по правило,се гласа јавно.

(5)За секоја седница на Советот се води записник.

Член 63

(1)Советот работи на седници.

(2)Седниците на Советот се јавни.

(3)За исклучување на присуство на јавноста на седницата се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Стутот,со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

(4)На расправата за Буџетот на општината ,годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови,присуството на јавноста не може да се исклучи.

Член 64

(1)Членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на Советот и на неговите постојани или повремени комисии.

(2)Членовите имаат право на седницата на Советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на Градоначалникот.

(3)Членот на Советот на може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот.

(4)Работодавецот е должен да го ослободи од професионалната работа членот на Советот заради присуство на седниците на Советот или на комисиите во кои е член.

(5)Членовите на Советот имаат и други права и должности утврдени со Стаутот и други прописи,во согласност со овој закон.

Член 65

(1)Членот на Советот на може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар,дете или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

(2)Членот на Советот е должен да го информира Советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерес.

(3)Членот на Советот,не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран.

(4)Со денот на вработувањето согласно со став (3) на овој член ќе се смета дека членот на Советот поднел оставка.

(5)Членот на Советот вработен во јавните служби кои ги основала општината,не мож да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

Член 66

Членовите на Советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци,во рамките утрдени со закон.

Член 67

(1)На членот на Советот му престанува мандатот пред истекот на времето за кои е избран:

-ако поднесе оставка;

-во случај на смрт;

-ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над 6 месеци;

-ако настапи случај на неспојливост со функцијата член на советот согласно со Законот за локалните избори;

-ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност и

-ако престане да биде жител на општината.

(2)Советот,на првата наредна седница,ќе ја констатира причината и денот на престанување на мандатот на членот на Советот,и тоа:

-во случаите од ставот (1) алинеа 1 од денот на одржувањето на седницата и

-во случаите од ставот (1) алинеи 2,3,4,5 и 6 со денот на исполнувањето на услови.

(3)На членот на советот може да му биде одземен мандатот ако не оправдано отсуствува од три седници на Советот по ред.

(4)За оправданоста за отсуство од ставот (3) на овој член одлучува советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови од Советот.

Член 68

(1)Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот со мандат од 4 години.

(2)За Претседател на Советот е избран кандидатот кои добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

(3)До колку во првиот круг никој од кандидатите за Претседател не добил потребен број гласови,се пристапува на втор круг на гласање за двајцата кандидати кои што во првиот круг добиле најголем број на гласови.

(4)За Претседател е избран членот на советот кои што во вториот круг на гласање добил повеќе гласови .

(5)До изборот на Претседател,Советот го свикува и со него раководи најстариот член на Советот.

Член 69

Претседателот на Советот:

1.Ги свикува и раководи со седниците на Советот.

2.Се грижи за организацијата и работата на Советот и

3.Ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од три дена од денот на нивното донесување ги доставува на Градоначалникот заради објавување.

Член 70

Градоначалникот се избира секоја четврта година,на општи,непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со законот со кој се регулираат локалните избори.

Член 71

Градоначалникот:

1.Ја претставува и застапува општината.

2.Ја контролира законитоста на прописите на Советот.

3.Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината.

4.Го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот.

5.Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината.

6.Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот.

7.Го предлага годишниот Буџет и годишната сметка на Буџетот на општината.

8.Го извршува Буџетот на општината.

9.Избира директори на јавните служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.

10.Редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со Статутот.
11.Решава во управни работи за права,обврски и интереси на правни и физички лица во согласност со закон.
12.Донесува правилник за систематизација на работните места во општинската организација.
13.Раководи со општинската администрација.
14.Одлучува за вработувањето правата ,должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација до колку поинаку не е определено со закон.
15.Обезбедува правилно и законито користење,одржување и заштита на сопственоста на општината,во согласност со закон и Статут и
16.Врши други работи утврдени со закон и Статут.

Градоначалникот може да овласти раководсен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи,како и да потпишува акти.

Член 72

(1)Градоначалникот ги прогласува и објавува со заклучок актите на Советот и ги огласува во службеното гласило на општината.

(2)Градоначалникот на општината се грижи и превзема мерки и активности за навремено и квалитетно извршување на одлуките на Советот на општината.

Член 73

(1)Ако Градоначалникот смета прописот на Советот не е во согласност со уставот и законите,должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување,со кои ќе ги образложи причините за запирањето.

(2)Советот е должен,во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението од ставот 1 на овој член,да го разгледа решението и да одлучи по него.

(3)Ако Советот го потврди прописот,Градоначалникот е должен да го објави и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за отценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

(4)За иницијативата од ставот (3 ) на овој член Градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Член 74

(1)Градоначалникот се грижи за извршување на работите што со закон и се доверуваат на општината.

(2)Градоначалникот е должен актите со кои се уредуваат работите од доверена надлежност без одлагање а најдоцна до денот на објавувањето да ги достави до надлежниот орган на државната управа.

Член 75

(1)Градоначалникот управува со имотот на општината како добар домаќин.

(2)Во управувањето со имотот на општината Градоначалникот е должен да превзема мерки и да го обезбедува користењето на имотот во согласност со закон.

Член 76

(1)Ново избраниот Градоначалник ја презема должноста од претходниот Градоначалник во рок од седум дена од денот на изборот.

(2)Градоначалникот ја врши професионално својата функција .

(3)За време на вршењето на функцијата Градоначалникот не може да врши друга професионална дејност.

(4)Градоначалникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење во советот.

(5)Градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или одсуство,во согласност со постапка утврдена со статутот.

(6)На членот на Советот му мирува функцијата член на советот за времето кога го заменува Градоначалникот.

(7)Претседателот на Советот не може да го заменува Градоначалникот.

(8)Платата и надоместоците на Градоначалникот,како и надоместокот за членот на Советот кој го заменува Градоначалникот,се уредува со закон.

Член 77

(1)Градоначалникот не може да биде именуван за член во надзорни,управни и контролни органи на трговски друштва, јавни служби.

(2)Градоначалникот не може да учествува во процесот на одлучување за прашања во кои тои или неговиот брачен другар,деца или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

(3)Градоначалникот е должен да го информира советот за интересот од ставот на овој член.

(4)Во случаите од ставот (2) на овој член одлучува еден од членовите на советот избрана на начин на кој се избира Претседателот на Советот.

Член 78

(1)На Градоначалникот му престанува мандатот по сила на закон:

-ако поднесе оставка;

-во случај на смрт;

-ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од шест месеци;

-ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност;

-ако настапи случај на неспојливост за вршење на функцијата согласно со Законот за локални избори;

-во случај на неоправдано отсуство подолго од шест месеци и ако престане да биде жител на општината .

(2)За оправданоста на отсуството о ставот (1) алинеа 6 на овој член одлучува советот,со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Советот.

(3)Членот на советот кој го заменува Градоначалникот,во рок од 15 дена од денот на настапувањето на еден од случаите од ставот (1) на овој член е должен за тоа да го извести министерството надлежно за работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

(4)Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа ,во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањет од ставот (3) на овој член ја известува Владата на Република Македонија ,која во рок од еден месец од денот на приемот на известувањето ,констатира дека настапил еден од случаите од ставот на овој член и истовремено иницира постапка за распишување нови избори за Градоначалник,во согласност со законот.

(5)Советот,во рок од 30 дена од денот на објавувањето на одлуката на Владата од ставот (4) на овој член ,ќе избере еден од членовите на советот кој ќе ја врши должноста на Градоначалникот за периодот до изборот на нов Градоначалник,на начин на кој се избира претседателот на Советот.

(6)На членот на Советот му мирува функцијата член на советот за времето на вршењето на должноста Градоначалник во согласност на ставот (5) на овој член.

(7)Изборите од ставот (4) на овој член нема да се спроведуваат до колку до нивниот изборен период има помалку од шест месеци.

Член 79

(1)За работата на Градоначалникот може да се покрене прашањето за негова доверба на предлог на најмалку една петнина од вкупниот број на избирачи.

(2) Предлогот за покренување на прашањето за доверба на Градоначалникот се поднесува до општинската комисија за спроведување на избори со потписи на граѓаните пред надлежниот орган кој води евиденција за избирачкото право на изборите.

Член 80

Постапката за изјаснување на граѓаните по прашањето на недоверба на Градоначалникот ја спроведува општинаската комисија за спроведување на избори.

Член 81

Одлуката за недоверба е донесена ако за неа гласале 51 % од вкупниот број на гласачи во општината со што му престанува мандатот на Градоначалникот.

Член 82

(1)За разгледување на прашања и утврдување предлози кој што се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на општината,советот може да формира совет за заштита на потрошувачите,составен од претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги.

(2)Составот,начинот на изборорт на членовите и делокругорт на работа на советот од ставот (1) на овој член се уредуваат со статутот.

## VI-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 83

(1)За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација.

(2)Општинската администрација се организира во сектори и одделенија .

(3)Општината може да организира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето над работите од нејзината надлежност.

(4)Организацијата,делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува советот,врз основа на предлог на Градоначалникот.

Член 84

(1)Обединувањето на работењето и унапредувањето на хоризонталната координација на сите сектори во општината го врши секретарот на општината како највисок раководен службеник на општината .

(2)Секретарот на општината ртреба да има завршено Правен факултет и најмалку пет години работен стаж во струката .

Член 85

(1)Вработените во општинската администрација кои вршат стручни,нормативни-правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат Стаус на државен службеник.

(2) За вработувањето, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од ставот (1) на овој член ќе се применуваат одредбите од законот за државни службеници.

(3) За вработените во општинската администрација кои вршат административни-технички и помошни работи се применуваат одредбите од работното законодавство.

Член 86

(1) Општинската администрација:

1.Ги подготвува актите за советот и Градоначалникот.

2.Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии.

3.Врши стручни работи за советот и за Градоначалникот.

4.Го води сметковотството на општината.

5.Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.

6.Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон.

7.Ракува со документите на општината, и ги чува се до нивното уништување,односно предавање во Државниот архив на Република Македнија

8.Врши и други работи што ќе ги определи Советот и Градоначалникот.

Член 87

(1)Заедничките административни тела за извршување на оделни надлежности ќе бидат основани или укинати врз основа на одлука донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови на секој од Советите на општините.

(2)Врз основа на одлуките од ставот (1) наовој член се склучува писмен договор во кој се утврдуваат:Општините кој го основаат заедничкото административно тело; седиштето на заедничкото административно тело; видот, обемот и начинот на извршување на активностите;користењето на објектите и опремата ;финансирањето;начинот на укинувањето и контролата на работењето на заедничкото административно тело.

(3)Договорот од ставот (2) на овој член се објавува во "Сл.весник на Р.Македонија".

## VII АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

Член 88

(1) Во вршењето на работите од својата надлежност Советот донесува прописи, и тоа: Статут,деловник за работа, програми, планови, и други прописи утврдени со закон.

(2) Прописите се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советото, доколку поинаку не е определено со овој или друг закон.

(3) Прописите за чие извршување се потребни финансиски средства мораат да се содржат и одредби со кој се утврдуваат изворите и висината на средствата за нивно извршување.

(4) Прописите се објавуваат во Сл.гласник на општината најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

(5)Прописите од ставот (1) на овој член влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, доколку со статутот поинаку не е определено.

(6) Општината води збирка на објавените прописи, која е достапна на општ увид.

(7)Акти на Градоначалникот.

Член 89

(1)Статутот е основен акт на општоната со кој се уредуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината и други прашања од значење за општината.

(2)Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт-Статут и Предлог-Статут.

(3)Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

Член 90

(1)Со Деловникот на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите работни тела, постапката за одлучување и односите со другите органи.

(2)Деловникот на Советот на општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на општината.

Член 91

(1)Со одлука на Советот се уредуваат работите од локално значење во надлежност на општината за кои самостојно одлучува.

(2)Со одлука Советот на општината ги основа секторите и одделенијата на општината и го уредува начинот на нивното работење и ги основа јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија.

(3)Со одлука Советот уредува и други прашања од своја надлежност.

Член 92

(1)Советот донесува заклучоци кога разгледува поодделни извештаи, информации и анализи.

(2)Советот дава мислења и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува Советот на општината.

Член 93

(1)Постапката за донесување на општите акти се уредува со Деловникот на Советот на општината.

(2)Општите и другите акти се објавуваат во службено гласило на општината.

(3)Општите акти стапуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Советот на општината со денот на донесувањето.

Член 94

(1)Советот, Градоначалникот и управните органи на општината во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.

(2)Советот донесува решенија за избор и именување.

(3)Градоначалникот донесува одлуки, решенија и заклучоци.

(4)Управните органи донесуваат решенија и заклучоци.

Член 95

(1)Органите на општината остваруваат соработка со подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа преку меѓусебно доставување податоци со кои располагаат и до кои доаѓаат во работењето а се потребни за вршење на нивните работи.

(2)Органите на општината организираат состаноци и друг вид заеднички седници на раководните лица на општината и на подрачните единици на органите на државната управа за проучување на оделни прашања, подготвување на прописи, давање на мислења и предлози.

(3) По заклучокот донесен на заедничка седница во остварувањето на соработката од став2 на овај член, органите на општината задолжително произнесуваат и заземаат свој став, за што заедно се информираат со подрачните единици на министерствата.

Член 96

(1)Органите на општината за усогласување на прашањата од заеднички интерес со подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управува може да образуваат стручни комисии или работни тела.

(2)Органите на општината остваруваат и други видови на меѓусебната соработка со подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа.

Член 97

(1)Градоначалникот на општината ги организира и координира активностите од меѓусебната соработка и редовна представа на заедничките седници.

(2)Градоначалникот може пред надлежниот министер да покрене иницијатива за одговорност или сменување на раководното лице на соодветната подрачна единица доколку утврди дека подрачните единици ги игнорираат или не ги извршуваат или ненавремено и неправилно ги извршуваат заклучоците донесени од заедничкото работење.

## VIII – СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА И ФИНАНСИРАЊЕ

Член 98

(1)Општината има право на сопственост на ствари, парични средства и права.

(2)Вредноста на сопственоста на општината се проценува и искажува при изготвувањето на годишната сметка.

(3)Со сопственоста општината располага и стопанисува како добар домаќин на начин утврден со закон.

Член 99

Јавните служби основани од општината се нејзина сопственост.

Член 100

(1)За купување, отуѓување и оптоварување на имотот на општината одлучува Советот на општината.

(2)Советот со одлука може да го овласти Градоначалникот на општината да врши купување, отуѓување и оптоварување на дел од имотот на општината.

Член 101

(1)Општината може да ги продава стварите во сопственост на општината само по пат на јавно надавање во согласност со закон.

(2)Продажната цена на стварите од ставот (1) на овој член не смее да бида помала од нивната пазарна вредност.

(3)Финансиските средства добиени од продажбата на стварите во сопственост на општината може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојните ствари во сопственост на општината.

Член 102

Стварите во сопственост на општината можат да се даваат на користење на други субјекти по пат на јавно надавање, во согласност со закон.

Член 103

Општината води грижа за законско и правилно користење на добрата во општа употреба.

Член 104

(1)Во согласност со економската политика на државата општината се финансира од сопствени извори на приходи и други извори на финансирање.

(2)Сопствени извори на приходи на општината се локалните даноци, надоместоци и такси утврдени со закон.

(3)Општината во рамките определени со закон ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите од ставот (2) на овој член.

(4)Општината се финансира и од дотации од Државата и други извори на приходи, во согласност со закон.

(5)Општината има право да се задолжува на домашниот и странскиот пазар на капитал, во согласност со закон.

(6)Општината, во рамките на своите надлежности, самостојно располага со

(7)Изворите на приходите на општината треба да обезбедат соодветно извршување на нејзините надлежности утврдени со закон.

(8)Финансирањето на општината се уредува со закон.

Член 105

(1)Општината има свој Буџет.

(2)Прашањата што се однесуваат на Буџетот на општинта се уредуваат со закон.

Член 106

Извори на приходи на општината се:

-даноци: дел од данок на промет на стоки и услуги утврдени со закон; данок на имот; данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности и право;

-земјишна такса; комунална такса и приходи од услуги;

-приходи од сопствен имот;

-приходи од даноци примени од Републиката и странство (во стока и пари);

-добивка од јавни претпријатија и јавни служби што ги основала општината.

-дел од добивката што ја остваруваат јавните претпријатија што имаат истурени единици во општината утврдени со закон;

-приходи од казни за непочитување на прописите на општината и

-други приходи отстапени на Буџетот на општината по разни основи во согласност со закон.

Член 107

Приходи од сопствен имот на општината се:

-приходи од закупнина на земјиштето и објектите;

-приходи од вложување на капитал;

-приходи од добивка на јавни претпријатија;
-други приходи.

Член 108

(1)Приходите и трошоците на општината се утврдени со Буџетот на општината.

(2)Буџетот на општината содржи биланс за приходите и трошоците на Буџетот, а се однесува за фискална година од 12 месеци која почнува на 1 јануари, а завршува на 31 декември од секоја календарска година.

Член 109

Буџетот на општината пред донесувањето се усогласува со Министерството за финансии (во делот) за потребите и можностите за земање на заем од Буџетот на Републиката за финансирање на буџетскиот дефицит.

Член 110

Предлогот на Буџетот на општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на општината за донесување во месец ноември.

Член 111

За секоја промена на Буџетот на општината за дополнително усвоените трошоци пропратено со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи или ќе ги намелат другите трошоци во сразмерен износ, се донесува одлука на Совет на општина.

Член 112

(1)За покривање на непредвидливите барања за трошоци кој ќе се појават во текот на буџетската година, од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува буџетска резерва (постојана и тековна) во висина утврдена со закон.

(2)За користење на средствата на буџетската резерва одлучува Советот на општината по предлог на Грдаончалникот на општината.

(3)Советот на општината со одлука може да го овласти Градоначалникот за начинот на користење на буџетската резерва.

Член 113

Доколку Буџетот на општината за наредната година не биде донесен до 31 декември во тековната година, ќе се постапи согласно со законот за буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за 3 месеци.

Член 114

(1)На крајот од секоја година се изготвува Завршна сметка на Буџетот на општината.

(2)Завршната сметка на Буџетот, Советот на општината треба да ја усвои најдоцна до 31 март во тековната година за предходната година.

Член 115

Извршувањето на Буџетот на општината го врши Градоначалникот, а поконкретно се уредува со одлука за извршување на Буџетот на општината.

## IX- НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

Член 116

(1)Советот на општината формира Надзорен одбор, заради вршење надзор над материјалното и финансиското работење на општината.
(2)За резултатите од надзорот се информираат Советот на општината и Министерството за финансии.

Член 117

(1)Надзорот над работата на органите на општината во вршење на нејзините надлежности го опфаќа надзорот над законитоста, контрола и ревизија врз материјалното и финансиското работење.
(2)Надзорот над работата над органите на општината над вршењето на делегирани работи под надлежност на органите на државната управа го опфаќа надзорот над законитоста и надзорот над ефикасноста.
(3)Во случаите утврдени со закон, се врши предходен надзор кој опфаќа предходна согласност на прописите на општината.
(4)Начинот и постапката на вршењето на надзорот над работата на органите на општината се утврдени со закон.
(5)Органите на општината се должни да соработуваат со органите за вршење надзор.

Член 118

(1)Надзорот над законитоста на прописите на општината врши министерството надлежно за вршење над работите на локалната самоуправа.
(2)Надзор над законитоста над работата на органите на општината врѓат органите на државната управа.
(3)Контрола на материјалното и финансиското работење на општината врши министерството за финансии.
(4)Ревизија над материјални и финансиското работење на општина врши Државниот завод за ревизија, согласно со Законот за државна ревизија.
(5)Надзорот над делегираните надлежности го врши органот на државната управа чии надлежности се делегирани на општината.

Член 119

(1)Градоначалникот е должен,во пок од 10 дена од денот на нивното објавување,да ги достави прописите на општината до Министерството надлежно за вршење на работите на локалната самоуправа.
(2)Доколу органот од ставот (1) на овој член смета дека прописот не е во согласност со Уставот и со закон,во рок од 45 дена на доставувањето на прописот ,донесува решение за запирање на примената на прописот,со кое ги образложува и причините за запирањето.
(3)Решението од ставот (2) на овој член се објавува во “Сл.весник на Република Македонија“.

(4)Органот од ставот (1) на овој член во рок од 30 дена од денот на објавувањето на решението од ставот (1) на овој член до Уставниот суд на Република Македонија.,поднесува иницијатива за отценување на уставноста и законитоста на запрениот пропис.

(5)Ако постапката не биде покрената во определениот рок од став(4)на овој член,престанува важноста на решението.,за запирање на примената на прописот од став (1) на овој член,и запрениот пропис станува извршен.

Член 120

(1)Државниот завод за ревизија врши редовни ревизии на финансиските сметка на општините, во согласност со закон.

(2)Градоначалникот е должен во рок од 30 дена од денот на донесувањето,да ги достави извештаите за извршувањето на буџетот и завршната сметка на општината до Државниот завод за ревизија.

(3)Конечниот извештај за извршената ревизија се доставува до органите на општината,до министерот надлежен за работите на локалната самоуправа и до министерот за финансии.

Член 121

(1)Ако при донесувањето на прописот на општината се бара претходна согласност од друг орган,органот согласноста ја дава најдоцна во рок од 60 дена од денот кога му е врачен предлогот на прописот.

(2)Ако претходната согласност не биде добиена во рокот од ставот (1) на овој член,прописот се смета за прифатен онака како што бил предложен од општината.

## X-РАСПУШТАЊЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 122

Советот се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број членови на советот.

Член 123

Советот се распушта ако:

1.Повторно го донесе прописот што претходно бил поништен или укинат со одлука на Уставниот суд на Република Македонија.

2.Донесе одлука со која се загрозува суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

3.Не се состане за период од шест месеци и

4.Не го донесе Буџетот и годишната сметка на Буџетот до 31 март во тековната година.

За настапувањето на еден од условите од ставот на овој член,градоначалникот е должен веднаш да го извести министерството надлежно за вршење на работите од обласа на локалната самоуправа.

Член 124

(1)Министерството надлежно за вршење на работите од областа на локалната самоуправа,во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од членот 75 став (2) на овој закон,до владата на Република Македонија ќе поднесе предлог за распуштање на советот.

(2)Владата на Република Македонинја, во рок од еден месец од денот на приемот на предлогот од ставот (1) на овој член,ќе донесе решение за распуштање на советот по сила на закон, кое го објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(3)За остатокот од изборниот период ќе се распишат нови избори за Советот, согласно со законот за локални избори.

(4)Изборите од ставот (3) на овој член нема да се спроведат доколку до новиот изборен период има помалку од шест месеци.

Член 125

(1)До изборот на нов совет, работите на советот ги врши Градоначалникот на општината.

(2)При извршувањето на работите од став(1) на овој член Градоначалникот не може:

- да одлучува за прашања што се однесуваат на располагање со сопственоста на општината;

-да одлучува за прашања во кој тој или неговиот брачен другар,деца или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес и

-да донесува прописи предвидени во членот 36 од овој закон.

## XI. СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНИТЕ,ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА НА ПОДРАЧНИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 126

(1)Општините ќе бидат благовремено и соодветно консултирани во постапката на планирање и одлучување за прашања кој се однесуваат на нив.

(2)Општините ќе бидат консултирани за планирањето на јавните работи при изготвувањето на просторниот план на републиката.

(3)Начинот на консултациите од ставовите 1 и 2 на овој член ќе биде утврден со законите од соодветната област.

Член 127

(1)Владата може заради координација при планирањето,програмирањето и инплементацијата на политиките во одредени области или група на области да склучува договори за соработка со една или повеќе општини во областите од заемен интерес .

(2)Собранието на Република Македонија ќе биде информирано за договори за соработка од ставот (1) на овој член .

Член 128

(1)Владата соработува со општините за прашања што се од нивен интерес и тоа за:

-законите што се однесуваат на општините ;

-износот на општата дотација што треба да им се додели на општините во тековната календарска година и

-изворите на финансирање на надлежностите.

(2)За соработката за прашањата наведени во прашањата во ставот (1)од овој член се подготвува извештај во кои се внесуваат прашањата за кој е постигната согласност и прашањата за кој не постои согласност .

(3)Со законот што се однесува на прашањата од ставот (1) на овој член,до Собранието на Република Македонија се приложува и извештајот од ставот (2) на овој член.

Член 129

(1)Здружението на општини,во кое заради зашртита и унапредување на заедничките интереси се здружиле повеќе од 2/3 од општините од целата територија на Република Македонија има право да:

-соработува со владата по прашањата од значење за општините во Република Македонија;

-иницира донесување на законите што се однесуваат на унапредување на локалната самоуправа ;

-дава предлози за проектирање на предлогот на Буџетот на Република Македонија во делот што се однесува на доделување на средства на општините наменети за вршење на надлежностите утврдени со закон и

-остварува соработка со сродни организации од други земји и ја претставува Република Македонија во меѓународни организации на локалните власти.

(2)Здружението од ставот (1) на овој член се основа ,организира,функционира и регистрира под услови и на начин утврдени со закон.

**XII.МЕСНА САМОУПРАВА**

Член 130

(1)Во општината можат да се основаат облици на месна самоуправа и тоа:

-во градовите-урбани заедници и

-во другите населени места-месни заедници.

(2)Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици,според урбанистичкиот плн на градот.

(3)Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

(4)Со Статутот на општината,поблиску се определуваат :облиците на месна самоуправа што се основаат на подрачјето на општината согласно со ставот (1) на овој член; односите со органите на општината; работите од надлежност на Градоначалникот чие извршување може да се делегира на претседателот на советот на месната самоуправа; начинот на обезбедување средтсва за делегираните работи и други прашања од значење на месната самоуправа.

Член 131

Облиците на месната самоуправа се основаат за едно или повеќе населени места односно дел од населеното место и за една или повеќе населби, односно дел од поголема населба, доколку подрачјето претставува природна, урбана односно населена и поврзана целина, а интересот за основање произлегува од потребите за решавање на комунални прашања, културни, спортски потреби на граѓаните и други работи од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Член 132

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10 % од граѓаните, жители од подрачјето за кое има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

Член 133

(1) Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање облик на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потписи на заинтересирани граѓани.

(2)Иницијативата за основање се доставува до Советот на општината  кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање обли на месна самоуправа.

Член 134

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подраќје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани.

Член 135

Жителите во урбаните односно месните заедници на собири на граѓаните:

-разгледуваат прашања заземаат ставови и разгледуваат предлози за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје;

-можат да изберат совет на урбаната, односно месната заедница, на начин и во постапка  што се утврдени со Статутот на општината.

Член 136

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа во согласност со овај Статут и одлуките за основање, се грижат за:

-решавање на прашањата од комуналната инфраструктура за соодветното подрачје;
-изградба и одржување на објектите од јавен интерес (водовод, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
-заштита на животната средина;
-уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
-покренување иницијатива за уредување на просторот;
-организирање на културни, спортски, забавни и други манифестации и
-други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Органите на облиците на месната самоуправа даават иницијатива и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

Член 137

Работите од член 136 на овој Статут се финансираат:
-средства кои што општината ќе им ги отстапи на облиците на месната самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
-средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;
-средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физижки лица;
-средства од надоместок за услуга и
-подароци и други средства.

Член 138

Советот на урбаната, односно месната заедница се избира, на собири на граѓаните на урбаната, односно месната заедница, на начин и во постапка што се утврдени со Статутот на општината.

Член 139

(1)Одлуката за распишување избори на членови на Одборот донесува Одборот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

(2)Ако одлуката од став 1 на овај член не се донесе во утврдениот рок, одлука за распишување избор на членови на одборот донесува Градоначалникот на општината во рок од 15 дена.

Член 140

(1)Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Одборот се врши на Собир на граѓани.

(2)За утврдени се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

Член 141

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на Одборот поблиску ќе се уреди со правилата за работа на обликот на месна самоуправа.

Член 142

(1)За избраните членови на Одборот се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

(2)Одборот од своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Член 143

(1) Орган на облиците на месната самоуправа е Советот.

(2) Советот на урбаната, односно месната заедница од редот на своите членови избира Претседател со мандат од четири години.Советот го избираат граѓаните на собир на граѓани со јавно гласање.Доколку собирот не одлучи гласањето да биде тајно.
(3) Советот се состои од 3 до 7 членови зависно од бројот на жителите на месната заедница и урбаната заедница.
(4) За избор и обврските на претседателот на Советот на урбаната, односно месната заедница соодветни ќе се применуваат одредбите од членовите 47 и 48 од Законот за локална самоуправа.

Член 144

Одборот донесува правила со кои се уредува работата на обликот на месната самоуправа како и програмата за работа по предходно мислење на Советот на општината.

Член 145

(1)Облиците на месната самоуправа имаат својство на правно лице во рамките на правата и должностите утврдени со закон, свој Статут и одлука за основање.

(2)Во правниот промет облиците на месната самоуправа може да настапуваат до висината на вредноста на имотот со кој располагаат.

(3)Општината не одговара за обврските на месната самоуправа.

Член 146

(1)Облиците на месната самоуправа може да имаат свој имот како: неподвижни и подвижни ствари, парични средства и права.

(2) За купување, отуѓување и оптоварување на имотот на облиците на месната самоуправа одлучува одборот.

Член 147

Општината може за реализација на одредени активности од програмата за работа на обликот на месната самоуправа да остапи сопствени средства.

Член 148

(1)Со акт на Советот на општината, во согласност со закон на месната заедница како облик на месната самоуправа може да и се довери вршење на определени работи од изворната надлежност на општината што се од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на граѓаните на подрачјето на месната заедница.

(2)Средствата за вршење на работите од став 1 на овој член ги обезбедува општината.

Член 149

(1) Административните органи на општината ги вршат стручните, административно техничките и сметсководствено финансиските работи на органот на обликот на месната самоуправа.

(2)Контрола над финансиското работење на облиците на месна самоуправа врши надзорниот одбор на Советот на општината

Член 150

(1) Градоначалникот можи да делегира вршење на определени работи од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на советот на урбаната, односно месната заедница, на начин утврден со Статутот.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член се утврдуваат и средствата за вршење на работите од ставот (1) на овој член како и начинот на вршење надзор над нивното извршување.

**XIII- ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

Член 151

Советот и Градоначалникот може пред Уставниот суд на Република Македонија да поднесат иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на министерствата и другите органи на Државната управа со кој се нарушува уставната положва и правата на општината утврдени со Уставот и законите.

Член 152

На општините им се гарантира судска заштита пред надлежните судови во однос на актите и на активностите и на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија со кој се попречува вршењето на надлежностите на општините утврдени со закон.

**XIV-СЛУЖБЕН ЈАЗИК ВО ОПШТИНАТА**

Член 153

Во општината службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

**XV НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА ЗА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА**

Член 154

(1) Начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето се утврдуваат со Статутот.

(2) Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваа на локалната самоуправа, води регистар на грбовите и знамињата на општините во Република Македонија.

(3) Грбот и знамето можат да се употребуваат по уписот во регистарот од ставот (2) на овој член.

Член 155

(1)Грбот и знамето на општината се утврдуваат со одлука на Совет на општината.

(2)За утврдување на грб и знаме на општината, Советот на општината распишува конкурс и образува комисија.

Член 156

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб односно знаме на општината и го доставува до Советот на општината на усвојување.

Член 157

(1)Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број начленови на Советот одлучува по предлогот на Комисијата.

(2)Одлуката на Советот за утврдување на грб односно знаме на општината е составен дел од Статутот на општината.

Член 158

(1)Грбот на општината се употребува во состав на печатот на општината.

(2)Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и Градоначалникот на општината.

(3) Советот на општината може да одобри упутреба на грбот на општината на физички и правни лица ако оцени дека е тоа во интерес на општината.

Член 159

(1) Знамето на општината се истакнува на зградата на Советот на општината и на видни места на општината.

(2)Знамето на општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кој учествува или е репрезентирана општината.

Член 160

Грбот и знамето на општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## XVI ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

Член 161

Измени и дополнувања на Статутот на општината можат да предложат најмалку ½ од членовите на Советот на општината, Градоначалникот на општината или најмалку 10 % од избирачите во општината.

Член 162

Одлука за пристапување кон измени на Статутот донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Член 163

Измените наСтатутот на општината се донесени ако за нив гласале мнозинство од вкупниот број членови на Советот на општината.

## X VII  ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ СТАНУВА

Член 164

За промена на одредбите на одлуката за измени и дополнување на Статутот ќе се донесе одлука за спроведување на измените и дополнувањата која ќе биде составен дел на Статутот.

Член 165

Одредбите на членовите 41 став (1) точка 2, ,член 76 став (2) и членовите 130, 135 ,138 ,143 ,150 од Одлуката ќе влезат во сила на наредните локални избори.

Член 166

Постојните месни заедници односно нивните органи продолжуваат со работа со истите надлежности до наредните локални избори.

Член 167

Со денот на влегувањето во сила на измените и дополнувањата престанува да важи Статутот на општина Демир Хисар "Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.2/96".

Бр.07- 111/7
31.05.2002 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Жанета Томевска с.р.